Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница, одржана на ден 20.07.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-2088/1 од 01.06.2026 година и кон него споен предмет број 12-2187 од 10.06.2026 година, со наводи за сомневање за незаконитости во работењето на Здружението -- ----------- ---------- ---------- ---------- ---------- со седиште во -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај поради тоа што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2088/1 од 01.06.2026 година и кон него споен предмет број 12-2187 од 10.06.2026 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 01.06.2026 година, поднесена е пријава во која се содржани наводи за сомневање за незаконитости во работењето на Здружението -- ----------- ---------- ---------- ---------- ---------- со седиште во ------------- по која е оформен предмет број 12-2088/1 од 01.06.2026 година.
Кон предметот е споен предмет 12-2187/1 од 10.06.2026 година од причина што се работи за пријава со исти предметни наводи и заради постапување и одлучување на ДКСК во единствена постапка.

Во пријавите се укажува на сомневање за злоупотреби од страна на Здружението при вработувања, евиденција на работни часови, користење и издавање на лиценци и други неправилности спротивни на законските прописи. Од ДКСК се бара да постапи согласно нејзнините законски надлежности.

По разгледување на содржината на пријавата, ДКСК констатира дека за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува и пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека дека нема елементи за надлежно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чукиќ**

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен м-р И.П., раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk